Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-90/1
09-02-2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 0801-439 од 10.12.2021 година поднесена од Здружение [redacted]" од Скопје против [redacted] од Скопје за сторено вознемирување во областа на медиумите и јавното информирање, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 14.12.2021 го донесе следново

**М И С Л Е Њ Е**

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** со облик на продолжена дискриминација врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација, родов идентитет и личен и општествен статус., насочено кон ЛГБТИ+ заедницата во областа на медиумите и јавното информирање, сторена од [redacted] од Скопје.

О б р а з л о ж е н и е

На 10.12.2021 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од Здружение за [redacted] од Скопје за сторено вознемирување врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација, родов идентитет и личен и општествен статус. во областа на медиумите и јавното информирање од страна на [redacted] од Скопје.

Согласно наводите од претставката, подносителот тврди дека на 02.10.2021 година во 07:08 часот преку информатички систем, со објава на текстуална содржина – статус, од кориснички профил на социјалната мрежа „Фејсбук", [redacted] во својата јавна објава ширела расистички и ксенофобичен пишан материјал кој со својата содржина се промовирала омраза против маргинализирана група.[1] Следствено, главната поента што [redacted] сака да ја долови со објавата е што според неа хомосексуалноста не е природна туку социјална појава наметната од општеството. Доловувањето на поентата е проследено со низа вулгарности низ реторички прашања што само по себе го вознемирува читателот а особено оние кои се припадници на ЛГБТИ+ заедницата. Во моментот на пишувањето на ова Мислење, објавата е споделена 87 пати а истата содржи 95 коментари во кои други корисници на социјалната мрежа „Фејсбук" се надоврзуваат на мислењето на [redacted] и шират хомофобична содржина која предизвикува чувство на несигурност и вознемиреност.

[1] https://www.facebook.com/jadranka.biban/posts/10209514102325431

[redacted]
2 October

СОЦИЈАЛЕН СЕКС НЕ МОЖЕ ДА БИДЕ ПРИРОДЕН
Што запнало образованиево да ги учи децава на секс?
Децата се научени на секс уште од самото раѓање, и тоа на правилен, природен секс.
Тој правилен секс си го контролира природата согласно телесниот развиток преку правилните биохемиски и хормонски функции.
Да ги учиш децата што е секс, како се практицира секс, зошто постои секс, тоа е исто како да учиш бебе како да цица.
Дали човекот треба да учи како да јаде? Дали треба да учи дека храната влегува на уста?
Кога системот се меша со својата квазинаука во природните егзистенционално важни функции на човекот, тоа го прави со многу повеќе штета отколку корист.
Да учиш дете дека хомосексуалноста е природна работа е исто како да го учиш дека природно е да се храниш преку газот а да се празниш преку устата.
Хомосексуалноста нема природно туку социјално потекло.
Хомосексуалната личност треба само да има добра прилика и социјална смелост да искуси добар, здрав, и енергетски исполнет секс со спротивниот пол!
Не сум во право? Ако мислиш дека не сум во право тогаш размисли, зошто западното општество остава личноста после полнолетство да се изјасни како "се чувствува"? Затоа што во текот на нејзиниот развиток до адолесценцијата треба да помине низ психолошко социјално влијание на средината, каде ќе се програмира нејзиниот сексуално ментален склоп.
Хомосексуалноста не е природна туку социјална појава!!!
[redacted]

[redacted] 981 others 95 comments 87 shares

Дополнително, на 29.10.2021 година во 11:15 часот, [redacted] на својот кориснички профил на „Фејсбук" повторно во јавноста ширела вознемирувачка недолична содржина со која предизвикува лавина хомофобични реакции/коментари на други луѓе со што се предизвикува чувство на несигурност и вознемиреност. Имено, [redacted] „Ако јадеш доритос ќе станеш педер на стари години, тешко си на газот остарен, скинат.." Иако објавата во моментот е недостапна, подносителот на претставката во прилог достави скриншот (screenshot) од корисничкиот профил на [redacted]. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација дополнително го разгледа корисничкиот профил кој што [redacted] го користи на социјалната мрежа „Фејсбук" и утврди дека [redacted] во континуитет пишува вознемирувачки содржини насочени кон припадниците на ЛГБТИ+ заедницата. Имено, во последната нејзина објава[2] [redacted] пишува дека хомосексуалците се привилегирани, дека позитивно се прикажани во културни изданија а особено се искажани вулгарности во сексуална конотација со кои се омаловажува оваа заедница.

[2] https://www.facebook.com/jadranka.biban/posts/10209708022013302


[redacted]
Yesterday at 08:07 ·

УШТЕ ПУБЛИКА ЗА АПЛАУЗ ФАЛИ!
Не знам уште какви"права" за педеранава се бараат?? Цел свет го владее педерана!
Во политика, во бизнис, во здравство, образование, тие се секаде повластени!
Во историски филмови, современи, фитуристички, сегде има педер или лезбејка во позитивна улога!
За вработувања ако си педериште имаш предност!
Сите што ги знам што отидоа по странство "успеаја" како педеришта или лезбејки...! Другиве се мачат како печалбари...
Што теба уште да напрајме за правата нивни? Да формираме публика што ќе аплаудира кога се шупат в газ?!

241 11 comments 6 shares

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација на 22.12.2021 достави Барање за изјаснување до [redacted] заверено под бр. 0801-439/2. До моментот на пишување на ова Мислење г-ѓата [redacted] не се произнесе по наводите на претставкат.а

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација сметаше дека наводите од претставката, приложените докази и сопственото видување во корисничкиот профил на [redacted] претставуваат доволно докази за утврдување на вознемирување врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација, родов идентитет и личен и општествен статус.

Законот за спречување и заштита од дискриминација[3] го дефинира вознемирувањето како несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика. Содржината на објавите на [redacted], видно од приложените материјали, содржи елементи кои го повредуваат достоинството и личниот интегритет на припадниците на ЛГБТИ+ заедницата. Дополнително, бидејќи содржината е проследена, споделена и коментирана од голем број на луѓе на социјалната мрежа, [redacted] креирала понижувачка, непријателска и заканувачка средина за припадниците на ЛГБТ+ заедницата. Врз основа на фактот што [redacted] континуирано креира вакви содржини, истите можат во иднина да предизвикаат и дела од омраза казниви согласно Кривичниот законик.

Слободата на говор и изразување е фундаментално право на секој човек и е гарантирано со Уставот на Северна Македонија. Сепак, злоупотребувањето на слободата на говор преку понижување на други и покажување надмоќ врз одредена група преминува во говор на омраза. Говорот на омраза со текот на времето може да премине и во дела од омраза што креира застрашувачка и неподнослива средина за сите припадници на одредена група без разлика дали некој е индивидуално жртва на одреден настан или не. Во оваа насока, општествениот проблем кој го предизвикува говорот на омраза мора навремено да биде

[3] Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

санкциониран од надлежните органи како превентивен механизам што ќе ги адресира сите слични содржини на социјалните медиуми.

Во поглед на европската судска пракса, Европскиот суд за човекови права во случајот Beizaras and Levickas v.[4] се наведува дека хомофобични коментари на социјалните мрежи мораат да бидат санкционирани во демократско општество. Дополнително, судот цени дека доволно е еден коментар за тој да се сфати сериозно доколку објавата има голема видливост на интернет, што е и случајот на објавите на Јадранка Бибан на својот кориснички профил на „Фејсбук".

Врз основа на горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го зема во предвид фактот што објавите на [redacted] стојат долго време на нејзиниот кориснички профил а со тоа предизвикува продолжена дискриминација како потежок облик на дискриминација. Продолжена дискриминација согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација се дефинира како дискриминација што е вршена врз едно лице или група непрекинато, во подолг временски период, врз дискриминаторски основи;

Членот 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација во случај на утврдена дискриминација, предвидува обврска на Комисијата да препорача начин на отстранување на повредата на правото на еднаквост, односно начин на отстранување на дискриминацијата. Ставот 3 од истиот член посочува дека субјектот кон кого е упатена препораката има должност да постапи по истата и да ја отстрани повредата на правото наеднаквост. Следствено на ова, Комисијата ја донесе следнава

ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] во рок од 30 дена, да ги отстрани своите објави и коментари на својот кориснички профил на социјалната мрежа „Фејсбук" кои содржат вознемирувачки содржини кон сите (маргинализирани) групи, вклучувајќи ја и ЛГБТ+ заедницата. Дополнително, се препорачува [redacted] во иднина да се воздржи од иста или слична вознемирувачка содржина во своите објави и коментари на социјалните мрежи.
Комисијата го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација, сè до нивното исполнување. Доколку субјектот кон кој е упатена Препораката не постапи по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Претседателка
Весна Бендевска

Доставено до:
- [redacted] Скопје - Карпош
- Здружение за [redacted] Скопје
- Архива на КСЗД

[4] Жалба бр. 41288/15